**ТЕОДОРА О. ГРНЧАРОВСКА**

## Родовиот аспект на климатските промени започна да се третира дури неодамна




Нашата работа во полето на климатските промени започна во 2000 година кога требаше да се исполнат обврските предвидени со ратификувањето на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени.

Предизвикот беше огромен, но истовремено и инспиративен. Тоа беше одлична можност да се искористи инженерството со цел да се понудат правни решенија и да се обезбеди баланс помеѓу економскиот раст, развојот и заштитата на животната средина.

За новите глобални политики, беше неопходно да се најдат најсоодветните опции што ќе бидат препознаени и прифатени од различните засегнати страни, а научната работа и научните методи во голема мера придонесоа за тоа. Се обидовме да утврдиме која политика има најголемо влијание на долг рок и беше математички докажано дека креирањето политики со примена на пристапот од долу нагоре е поверојатно да резултира со успех отколку политиките носени со примена на пристапот од горе надолу. Токму овој пристап многу ни помогна при предлагањето на нашите национални придонеси (за мерките и акциите за ублажување на климатските промени) преку широк партиципативен процес во пресрет на Самитот за климатски промени во Париз.

Пристапот се фокусира на создавање нови и на унапредување на постојните знаења и капацитети во однос на климатското законодавство на ЕУ, паралелно со процесот на транспонирање на ова законодавство во нашето национално законодавство.

Денес, Република Северна Македонија работи на исполнување на сите обврски што произлегуваат од нејзиниот статус во рамки на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени преку изработка на правна и стратешка рамка компатибилна со рамката на ЕУ и преку негување билатерална, регионална и мултилатерална соработка.

Визијата, лидерството и партнерството помеѓу креаторите на политики / науката / бизнис-заедницата / граѓанското општество / граѓаните се клучни за успехот на политиките и акциите за справување со климатските промени. Овој пристап подразбира одговорност, трпеливост, посветеност на работата, професионалност, отвореност кон предизвиците и желба за континуирано себеподобрување. Меѓутоа, родовиот аспект може да го сврти фокусот и да овозможи поефективно спроведување на политиките за нискојаглероден развој. Исто така, родовиот аспект треба да го ставиме во корелација со идниот нискојаглероден раст и правичната транзиција. Тоа треба да биде инклузивна транзиција којашто ќе ја намали нееднаквоста и ќе им помогне на мажите да ги променат своите професионални вештини преку адекватни едукативни програми поддржани од Владата.